Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр 0302-173/1
28.05 2015 год.
СКОПЈЕ

До: Општина Чешиново Облешево

Б А Р А Њ Е
за пристап до информации од јавен карактер

Од: **Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Герман Филков, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следниве информации од јавен карактер:

1. Дали вашата општина досега има применo жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од Министерството за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад од пакување?

2. Доколку има применo, наведете го поединечниот број на добиени канти и контејнери, и тоа:

   - сина канта од 120 литри

   - жолта канта од 120 литри

   - син контејнер од 1100 литри

   - жолт контејнер од 1100 литри

3. Дали вашата општина има склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување?

4. Доколку имате склучено договор, доставете ни ги информациите за тоа кога е склучен секој поединечен договор, со кого и до кога трае?

5. Дали во вашата општина постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго----------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго----------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место:
28.05.2025

Потпис:
_____

Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации СКОПЈЕ ЦГК

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефон/факс: (033) 351-770
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 31-1152/2
02. 06. 2025 год.
ОБЛЕШЕВО

До
Здружение на граѓани
„ Центар за граѓански комуникации“
бул.Кочо Рацин 26-1/2 Скопје
center@ccc.org.mk

ПРЕДМЕТ: Одговор за Барање за пристап до информации од јавен карактер

Во врска со ваше барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 0302-173/1 од 28.05.2025 година Ви го доставуваме следниот Одговор:

-Општина Чешиново-Облешево од Министерството за животна средина и просторно планирање има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 и 1100 литри за примарна селекција на отпад од пакување и тоа:

Сина канта од 120 литри, 25 броја
Жолта канта од 120 луитри, 25 броја
Син контејнер од 1100 литри, 20 броја и
Жолт контејнер од 1100 литри, 19 броја

-Општина Чешиново-Облешево сеуште нема склучено Договор со колективен постапувач за управување со отап од пакување.

-Во општина Чешиново-Облешево не постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот.

Одговорот Ви го доставуваме за Ваши потреби.

Со почит,

Општина Чешиново –Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Изработил: